# Наши шуми

БРОЈ 65 АПРИЛ 2014

ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ



МАКЕДОНСКИ ШУМИ

во партнерство со природата



Фото: С. Никчевић

ISSN 1409-7850

Импресум * Наши шуми * Број 63/64 * декември 2013


АКТУЕЛНО



Процес на вршење на работите по јавниот оглас за засновање на работен однос на 1600 извршители

8

ИНТЕРВЈУ



Интервју со Деканот на Шумарскиот факултет - Скопје, проф. д-р Јане Ацевски

16

ПРЕЗЕНТАЦИЈА



Вовед во уникатниот пристап на PEFC кон сертификација на шумите, како еден од условите за национален пласман на дрвото на меѓународниот пазар

23

ДЕН НА ДРВОТО



Дванаесетата по ред акција Ден на дрвото - засади ја својата иднина успешно се реализира во сите делови на Македонија

28

04 БЛИЦ

Ден на дрвото, 1600 вработувања, Прес за успешно спречување на пожари, Нов начин на продажба ...

07 ЕДИТОРИЈАЛ

Уште една успешна година за ЈП Македонски шуми

08 АКТУЕЛНО

Процес на вршење на работите по јавниот оглас за засновање на работен однос на 1600 извршители

10 НАСТАНИ

Потпишани договори за вработување...

16 ИНТЕРВЈУ

Интервју со Деканот на Шумарскиот факултет, проф. д-р Јане Ацевски

21 ПРИЗНАНИЈА

Проф. д-р Никола Николов, Шумарски факултет Скопје добитник на Статуетка Зелена ѕвезда

23 ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Сертификација на шумите

28 ДЕН НА ДРВОТО

Успешно реализирана ванаесетата по ред акција Ден на дрвото


Весник на ЈП за стопанисување со шуми Македонски шуми
Издавач: ЈП Македонски шуми * За издавачот: Жарко Караџоски, генерален директор
Главен и одговорен уредник: Александар Флоровски * Уредник: Соња Никчевиќ
Редакција: Соња Никчевиќ, Фатима Шкријељ * Издавачки совет: Жарко Караџоски, Александар Флоровски, Соња Никчевиќ, Игор Лазаревски, Коста Парлапанов, м-р Костадинка Соколовска, Марјан Стојаноски
Печати: „Даскал Камче“ - Кавадарци
Адреса: ЈП Македонски шуми „Перо Наков“ бб, Скопје * тел. 02 2581 080 * факс: 02 2581 824
maksumi@maksumi.com.mk * www.maksumi.com.mk
Фото насловна: Соња Никчевиќ

БЛИЦ

## Претставници од ИП и Амбасадата на САД во Македонија, во посета на ЈП Македонски шуми

На 25. 02. 2014 во канцеларијата на генералниот директор на ЈП Македонски шуми се одржа средба помеѓу претставници од ИП и Амбасадата на САД во Македонија, претставувана од Розита Мреношки, советник за економски прашања, Шила Слемп од УСДА Меѓународната програмата за шумарство за Русија и Евроазија и Дејл Босворт од Американската шумарска служба. На средбата, чиј домаќин беше генералниот директор на ЈП Македонски шуми, Жарко Караџоски, се размена мислења и искуства од областа на заштитата на шумите од шумски пожари, превентивното делување за нивно спречување и понатамошна можна заедничка соработка на сите нивоа од оваа област.

## Можноста за регионална соработка и желба за развој гарантираат успех во регионот

ЈП Македоноски шуми беше домаќин на Првиот координативен состанок на шумарските јавни претпријатија и Шумарските сектори на МЗШВ, од земјите на Југоисточна Европа, во организација на Работната група за рурален развој SWG, за Југоисточна Европа. На состанокот којшто се одржа од26-28 јануари, 2014 година. Покрај претставниците на Р. Македонија, учествуваа и претставници од шумарствата во регионот(Хрватска, Црна Гора, Косово, БиХ).

Цел на состанокот е дискусија помеѓу Јавните претпријатија за можноста за регионална соработка во секторот шумарство, во координација на SWG, како и скицирање на нацрт на Оперативен план за евентуална регинална акција и активности кои можат да се преземат во регионот на Југоисточна Европа.

## Развивање на шумскиот туризам во ЈПМШ

Во периодот, од крајот на 2013, до почетокот на 2014/14год. набавени 33 теренски возила

Триесет возила (Дачиа-Дастер) се распоредени во сите 30 подружници, а додека три возила (Шкода-Јети) се наменети за потребите на Дирекцијата.

Во цената на возилата вклучено е и нивното одржување за период од 3 години, а нивното плаќање ќе биде одложено односно на 36 рати.

Годишната заштеда по основ на потрошувачка на гориво и одржување изнесува 7.300.000ден., додека годишниот (12 рати) износ за отплата на новите возила изнесува 9.200.000ден. што е показател за оправданоста за набавка на истите.

- Намалена можност за дефекти, како и помала потрошувачка за пневматици;
- се одбива ДДВ, при набавка на истите, одржување и набавка на гуми и резервни делови, како и за потрошеното гориво;

Вредност на набавката 29.916.191,00ден. од кои

Набавка на возила 27.703.285,00ден.
Одржување за 3год. 2.212.906,00ден.



БЛИЦ

## Професорите од шумарските факултети во експриментален обид за пошумување на ридовите кај Велес

Професори од Шумарскиот факултет реализираат експериментален обид.. со употреба на специјално средство засадуваат даб, чемпрес и багрем.. Се користи ЗЕБА - гел кој ја апсорбира влагата од почвата.Се пошумува каменестиот рид "Свети Илија" кај Велес.

Овој гел има способност да апсорбира вода и тоа да ја зголеми за скоро 500 пати и постепено да ја оддава водата во текот на годината кога нема врнежи, вели проф. Стерија Начевски, Шумарски факултет Скопје.

Регионот Велес-Градско-Свети Николе е детектиран како најсушен. Просечно во текот на годината има врнежи под 300 милиметр, поради ова експертите бараат нови начини за пошумување.

Триаголникот на потегот, Велес-Свети Николе-Градско, е најсушниот триаголник во Европа или условно речено тоа се полупустински услови со најмала сума на врнежи во Европа, објаснува проф. Александар Трендафилов, Шумарски факултет Скопје.

Во пробното пошумување се засадени 100-тина дрвца. Претходните искуства покажале дека ваквото средство ја зголемува зафатеноста дури до 80 проценти.Експериментот ќе се примени и за останатите голи ридови околу Велес.

Карактеристики на препаратот

Препаратот ZEBA е нов препарат со провениенција од Америка. Произведен од врвни стручњаци во Стејт департментот на САД. Препаратот и логото, како суперабсорбент на вода се патентирани и заштитени од корпорацијата за технологија на абсорбенти во САД и другите земји. Бидејќи овој препарат е нов, непознат во нашата средина, во недостиг на податоци во литературата, вообичаено достапна за нас, ќе се послужиме со податоците што ги нуди проспектот за препаратот ZEBA, издаден од корпорацијата Chemtura.

ZEBA е биолошки препарат, природен апсорбент во формација на база скроб од пченка. Изработен е во форма на гранули. Неговата способност е да абсорбира 500-пати повеќе вода од сопствената тежина.Тој влагата од околината ја абсорбира и јаиспушта во зоната на семето или кореновиот систем на растението. Со тоа ја подобрувамикроциркулацијата на хранливите материи и ги прави достапни за растението. Ги подобрува водниот, топлотниот и воздушниот режим на почвата. Како резултат на тоа семето побрзо и рамномерно никнува а растението дава подобар височински и дебелински прираст.

Карактеристично за ZEBA е тоа што тој лесно ја абсорбира влагата и лесно ја ослободува, а при тоа не влегува во хемиски реакции ниту со почвата, ниту со водата, ниту со воздухот. Другите препарати абсорбенти, кои се на база на синтетички полимери, не ја ослободуваат брзо влагата и не се распаѓаат на крајни продукти.

Препаратот е целосно биоразградлив. Микроорганизмите го разградуваат до крајни продукти и достапни за растението како хранливи материи. Притоа немат штетно влијание ниту на развојот на растението, ниту на плодот, што значи дека овој препарат е безбеден како за растенијата и животните, така и за човекот.

## Состојбата и проблемите пред сертификацијата на шумите во Бугарија,

Во деновите 11.03. и 12.03.2014 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, „Шумарски факултет"-Скопје, престојуваа претавници од соседна Република Бугарија и тоа: доц. д-р Васил Стипцов од Лесотехническиот Универзитет во Софија и м-р. Атанас Диманков директор на Државното горско стопанство Дупница во рамките на Југозападното претпријатие Благоевград.

Во рамките на престојот беа разменети искуства за начините на стопанисување, планирање, нормативи, законски решенија, развојни чекори и др.

Вториот ден доц. д-р Васил Стипцов од Лесотехническиот Универзитет во Софија одржа предавање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, „Шумарски факултет"-Скопје во амфитеатарот бр. 17 на 12.03.2014г. (среда) со почеток во 10 часот, на кое се осврна на Состојбата и проблемите пред сертификацијата на шумите во Бугарија, како и на други актуелни теми поврзани со стопанисувањето со шумите.

Предавањата побудија голем интерес и беа посетени од студенти, асистенти и професори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, „Шумарски факултет"-Скопје, претставници до Јавното претпријатие „Македонски шуми"-Скопје и преставници од Секторот за шумарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

Како резултат на оваа средба, следуваше повратна средба во Р. Бугарија на дел од менаџерскиот тим на ЈП Македонски шуми.

БЛИЦ

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за 2013 година за изречени дисциплински мерки за утвредена дисциплинска одговорност

Во текот на 2013 година во ЈП „Македонски шуми" Скопје постапувано е по 47 дисциплински постапки, по чие завршување изречени се вкупно 45 дисциплински мерки, додека две пријави за поведување на дисциплинска постапка се отфрлени.

Во календарската 2013 година во ЈП „Македонски шуми" Скопје изречени се 8 дисциплински мерки – престанок на вработување и 37 парични казни.

Преглед на изречени дисциплински мерки по подружниците во јавното претпријатие, за 2013 година:

- ПШС „Беласица" Струмица - 16 дисциплински мерки – парични казни;
- ПШС „Демир Капија" Демир Капија – четири (4) – парични казни;
  - o Една дисциплинска мерка - престанок на вработување и
  - o три дисциплински мерки – парични казни
- ПШС „Бор" Кавадарци - една (1) дисциплинска мерка - парична казна;
- ПШС „Липа" Крушево - две (2) дисциплински мерки - парични казни;
- ПШС „Плачковица" Радовиш - една (1) дисциплинска мерка - парична казна;
- ПШС „Преспа дрво" Ресен - четири (4) дисциплински мерки - парични казни;
- ПШС „Бабуна" Велес - три (3) дисциплински мерки - престанок на вработување;
- ПШС „Црн Бор" Прилеп - две (2) дисциплински мерки - парични казни;
- ПШС „Лопушник" Кичево – пет (5) дисциплински мерки и тоа
  - o Две дисциплински мерки - престанок на вработување и
  - o Три дисциплински мерки – парични казни
- ПШС „Малешево" Берово – две (2) дисциплински мерки и тоа
  - o Една дисциплинска мерка престанок на вработување и
  - o Една дисциплинска мерки – парична казна
- ПШС „Сандански" Македонски Брод - три (3) дисциплински мерки - парични казни;
- Дирекција - две (2) дисциплински мерки и тоа
  - o Една дисциплинска мерка - престанок на вработување и
  - o Една дисциплинска мерка – парична казна

Разгледувано поединечно по подружници најмногу дисциплински мерки изречени се во ПШС „Беласица" Струмица и тоа вкупно 16 дисциплински мерки – парични казни. Исто така и минатата година во оваа подружница беа изречени најмногу дисциплински мерки.

Најмногу изречени дисциплински мерки – престанок на вработување изречени се во ПШС „Бабуна" Велес, односно исто како и во календарската 2012 година.

Започнатите дисциплински постапки во календарската 2013 година ќе се завршат во текот на оваа календарска година.

Изработил: К.Георгиевска

## Развивање на шумскиот туризам во ЈПМШ

Во просториите на ЈП Македонски шуми, потпишан Меморандум за соработка меѓу:

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р. Македонија, претставувано од директорот, д-р Кристијан Џамбазовски, и

ЈП Македонски шуми, претставувано од директорот Жарко Караџоски.

Во присуство на советникот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р. Македонија, советникот Владо Србиновски, Панче Николов советник за шумарство на ген. директор на ЈПМШ, Жарко Караџоски и пом. директорот на Секторот за комуникации и меѓународна соработка од обласата на шумарството Коста Парлапанов, на 25.02.2014. во канцеларијата на директорот на ЈП Македонски шуми.

На состанокот беа истакнати одличните предуслови за вакавата соработка на задоволство на двете страни, имајќи ги предвид природните убавини на шумите во Р.Македонија неисцрпните можности за рекреација од секаков вид, запознавање со ретки и ендемични растенија кои виреат во нив, одличните услови за престој , во секое годишно доба, нивната пристапност, како одличен материјал за пласман на туристичкиот пазар, како една исклучително интересна дестинација.

# ЕДИТОРИЈАЛ



# МОЖНОСТА ЗА РЕГИОН
# И ЖЕЛБА ЗА РАЗВОЈ ГАРАНТИР

Улогата на шумските ресурси е важна за иднината, како и за сегашноста, имајќи го предвид развојот на претпримништвото, како и оптштетсвено-стопанскиот развој во регионот на Југоисточна Европа. Врз основа на принципот на одржлив развој во регионот на Југоисточна Европа, зачувување и одржливто стопанисување со шумите е клучно за постигнување на општествено –економска и еколошка добивка на земјите од регионот. Регионалната соработка, како важно средство кое се фокусира на регионалните и националните можности и предизвици, треба да се зајакнува со цел за правилно достигнување на поставените задачи.



ЈП Македоноски шуми беше домаќин на Првиот координативен состанок на шумарските јавни претпријатија и Шумарските сектори на МЗШВ, од земјите на Југоисточна Европа, во организација на Работната група за рурален развој SWG, за Југоисточна Европа. На состанокот којшто се одржа од26-28 јануари, 2014 година. Покрај претставниците на Р. Македонија, учествуваа и претставници од шумарствата во регионот(Хрватска, Црна Гора, Косово, БиХ).

Цел на состанокот е дискусија помеѓу Јавните претпријатија за можноста за регионална соработка во секторот шумарство, во координација на SWG, како и скицирање на нацрт на Оперативен план за евентуална регинална акција и активности кои можат да се преземат во регионот на Југоисточна Европа.

Првиот координативен состанок на шумарските јавни претпријатија и Шумарските сектори на МЗШВ, од земјите на Југоисточна Европа, го отвори генералниот директор на ЈП Македонски шуми, Жарко Караџоски, кој ги поздрави присутните преставници на Јавните претпријатија од регионот, преставници на институциите од шумарскиот сектор, факултети и организатори на настанот.

На почетокот, изрази благодарност и до Секретаријатот на SWG – ПОСТОЈНАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА РЕГИОНАЛЕН РУРАЛЕН РАЗВОЈ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, со чија целосна поддршка се реализира оваа активност.

" На наша иницијатива од 2013 година, како постојани учесници во работата на SWG во групата за шумарство и водостопанство, беше предложено организирање и поврзување на стопанските субјекти од шумарски сектор, од производството, како би се истакнале потребите и можностите за унапредување на шумарството во регионот, а воедно и учество во креирање на идните политики и програми за одржливо управување со шумите.

Свесни за огромните притисоци врз шумските ресурси во денешно време, ги исполнуваме нашите обврски за одржување на општокорисните функции на шумите и нивните социјални, економски и еколошки функции, соочувајќи се со реални проблеми за кои се потребни долгорочни планови и програми за поддршка поставени од ресорните институции на државата. Долгата и болна транзиција на општеството и економијата, сложена социјална и економска состојба, зголемената миграција и осиромашување, долгите евро-интеграциски процеси, само ја отежнаа положбата на Јавните претпријатија во шумарскиот сектор. Од друга страна, прилагодувањето кон европските и меѓународни барања налагаат имплементација на одржливи системи на управување во шумарството, со посебен акцент на заштитата на биодиверзитетот и грижата кон природата и животната средина во целост. Вниманието на јавноста се повеќе се врти кон шумските ресурси, откако стануваат видливи сите негативни последици од индустрискиот развој, урбанизацијата, сообраќајот. Климатските промени носат нови проблеми со големи суши, шумски пожари, поплави и порои за кои е потребен нов пристап и поголема ангажираност како на институциите, така и на граѓанскиот сектор. Економските последици од природните катастофи се болни и долготрајно оставаат белег во руралните подрачја и нивната крефка економска структура.

Свесни за овие процеси кои бараат големи промени во структурата и начинот на организирање на постојните стопански активности, ЈП "Македоснки шуми" ја согледува неопходноста од регионално поврзување, размена на податоци и искуства, заеднички настапи во креирање на идните политики во шумарството и поголем удел и вклучување во Програмите за финансирање на земјоделството и руралниот развој. Како инаку да говориме за рура-



# ОНАЛНА СОРАБОТКА
# ТИРААТ УСПЕХ ВО РЕГИОНОТ

лен развој на земја која 75% е планинска и чие население е условно поврзано со шумарството, а немаме никаква подршка или субвенции за нивните постојни активности во шумарството. Меѓународната активност и поддржана преку бројни проекти покажа дека трансферот на знаење и размена на податоци во шумарството значајно придонесува во унапредувањето на секторот. Затоа и преставува еден од приоритетите во нашето работење. Можноста за креирање на регионални проекти за шумарство, регионална заштита од природни катастрофи, спречување на нелегална трговија со дрво, пошумување на гранични појаси, заштита на биодиверзитетот, и многу други активности со зедничко учество на стопанството и науката, размена на практичните искуства на стопанските субјекти, и заедничката желба за развој гарантираат успех во иднина. Заедничкиот настап пред европските и меѓународните организации ќе придонесе во голема мера шумарството да го добие своето право место и улога во националните развојни стратегии и планови.

Се надевам дека овој прв регионален состанок на шумарските Јавни претпријатија и шумарскте сектори од Министерствата за земјоделство на земјите од Југоисточан Европа ќе даде огромен допринос кон развој на нашата соработка во иднина, а подржана од потврдени регионални организации како што е SWG."

По претставувањето на присутните и целите на состанокот, беа претставени активностите преземени во регионот, од страна на SWG во интегралното управување со водите и шумите. Катерина Спасовска од SWG Секретаријатот нагласи дека, SWG како регионална организација која функционира за поврзување и координација во секторот на земјоделство и рурален развој се трудат да им помогнат на земји во процесот на европската интеграција.

Во име на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство на Р. Македонија, г-дин Војо Годовски, државен советник во Секторот за шумарство и лов, даде неколку битни насоки, истакнувајќи го значењето на Секторот за шумарство и шумските ресурси за сите земји и за целокупниот развој на регионот на Југоисточна европа. Координацијата на заедничка акција, со цел решавање на приоритетните трендови во стопанисувањето и важните прашања, е неопходно за крајната цел, зачувување и заштита на шумските ресурси.

Потоа, претставниците на јавните претпријатија од регионот ги презентираа поединечно преземените активности, а на тркалезна маса се договорија за идната соработка меѓу јавните претпријатија во координација на SWG. Од овој состанок произлегоа следните заклучоци

- Земјите од југоисточна Европа треба да се фокусираат кон процесот на интеграција во ЕУ, кој бара воведување на одржливи системи за стопанисување со шуми, со посебен акцент на заштитата на биодиверзитетот и грижа за природата и животната средина
- Шумарството треба да биде обработено во националните стратегии и плановите за развој
- Поврзување и соработка помеѓу јавните претпријатија и институциите кои се одговорни за стопанисување со шумските ресурси(јавни претпријатија, министерства-шумарски сектори, сопственици на приватни шуми, национални паркови и слично), треба да се зацврсне на национално и регионално ниво
- Поврзување и соработка помеѓу јавните претпријатие и институции одговорни за стопанисување со шумски ресурси и други релевантни сектори(води, земјоделие и животна средина), треба да се зајакнат на национално и регионално ниво
- Формирање на регионално координационо тело/работна група за Секторот за шумарство во југоисточна Европа, со фокус на подобрување на врските и соработката помеѓу заинтересираните страни и решавање на предизвиците/проблемите од регионален карактер(шумски пожари, бесправни сечи и друго).



# НАБАВКА НА НОВИ Т



Ефекти:

Подобрени се условите за функционирање на претпријатието;

Подобрена ефикасност во заштита на шумите, превентивно справување со пожари, како и за брзи интервенции при борба со пожарите;

Намалени се трошоците за гориво (старите возила кои се употребуваа до сега имаа просечна потрошувачка од 12-15л/100км.-некои од нив беа со бензински мотор, додека новите се со дизел мотор и се одликуваат со просечна потрошувачка од 6л/100км (по каталог).

За илустрација изразена во денари (направена е калкулација со просечна потрошувачка од 8л/100км), на база на поминати

Триесет возила (Дачиа-Дастер) се распоредени во сите 30 подружници, а додека три возила (Шкода-Јети) се наменети за потребите на Дирекцијата.

Во цената на возилата вклучено е и нивното одржување за период од 3 години, а нивното плаќање ќе биде одложено односно на 36 рати.

- Пред да се распише јавен повик за Набавка на овие возила, беше направена Процена од страна на Бирото за судски вештачења со која беше утврдена состојбата и вредноста на старите возила кои ги користеа подружниците. Исто така анализите за трошоците за одржување и потрошувачката на гориво на старите возила покажаа дека понатамошната употреба на овие возила, од една страна само ги зголемува трошоците, а од друга страна го отежнува функционирањето на претпријатието и ја намалува безбедноста на вработените;

Возилата кои се набавени се од класата Н1-товарно корисно возило, за кои се одбива ДДВ при набавка на истите, при одржување и набавка на резервни делови, набавка на гуми, како и за потрошеното гориво;






# И ТЕРЕНСКИ ВОЗИЛА

15.000км./год., која изнесува:

За старите возила годишно за гориво се трошеше 8.000.000денари;

За новите возила за истите поминати километри, годишно за гориво ќе се потрошат 3,400,000денари.

Намалени се трошоците за одржување-работна рака и резервни делови:

- за новите возила за првите 3 години трошоците по овој основ ќе изнесуваат 2.412.906ден., или годишно по 800.000ден.,

што е далеку помалку од трошоците

- за истата ставка за старите возила за 2013год. која изнесува 3.500.000ден.;

Годишната заштеда по основ на потрошувачка на гориво и одржување изнесува 7.300.000ден., додека годишниот (12 рати) износ за отплата на новите возила изнесува 9.200.000ден. што е показател за оправданоста за набавка на истите.

Намалена можност за дефекти, како и помала потрошувачка за пневматици, а покрај тоа се одбива ДДВ, при набавка на истите, одржување и набавка на гуми и резервни делови, како и за потрошеното гориво;

Вкупната вредност на набавката 29.916.191,00ден. од што на

Набавката на возила изнесува 27.703.285,00ден.,а 2.212.906,00ден одржување 3год.








**Интервју за актуелната ситуација во финансиското работење, разговараме со дипл. ецц. Виолета Бонева, помошник директор на Сектор за материјално и финансиско работење**

# СО ТИМСКА РАБОТА И КООРДИНАЦИЈА НА СИТЕ СЕКТОРИ ДО УСПЕШЕН БИЛАНС НА РАБОТЕЊЕ

- **Вие сте само неколку месеци во дирекцијата на ЈП Македонски шуми и тоа на едно многу битно и одговорно работно место, помошник директор на Сектор за материјално и финансиско работење. Бидејќи вие доаѓате од подружница која претставува микро дел од претпријатието, а сте ја имале истата функција, дали може да се примени начинот на работа на макро ниво во ЈП Македонски шуми, како позитивно искуство.**

Уште со самото вработување во ПШС Гевгелија ми беше предизвик што ќе работам во производствена фирма затоа што самото работење во производство се разликува од останатите фирми кадешто е релативно полесно работењето, отколку во производствена фирма, особено од ваков обем како ЈП. Јас сум првиот вработен којшто доаѓа од подружница на вакво работно место и токму затоа се надевам дека успешно ќе ги пренесам и имплементирам и проблемите и начинот на нивното решавање на ниво на ЈП. Иако не доаѓам од мала подружница, доаѓањето овде беше слично како моето прво вработување во Гевгелија, каде што беа големи предизвиците и задачите. Таму ги поминав сите фази на сметководствено и финансиско работење. Работата до толку ме окупираше што останував дури и после работа во моменти кога тоа беше потребно, а особено затоа што јас тогаш ги учев работите. Воспоставувањето на добар однос на секојдневна комуникација со оние на кои си упатен, а и на сите што ќе ти се обратат, според мене претставува основа за постигнување на зацртаниот успех. Значи, се одеше до тоа да се разговара директно, дури и со надворешните извршители, секачи и дотурачи, зашто за решавање на финансиските проблеми сепак треба да постои конкретен договор. Сметам дека секојдневното следење и комуникација со сите фази на производството што се поврзани со плаќања треба да бидат постојани со што ќе се има увид во приливот на средства којшто после правилно ќе се распореди.

- **Од ова произлегува дека вашето мото на работа е постојаната комуникација со сите засегнати субјекти и заедничко доаѓање до решение за проблемите.**

Овде се работи за далеку поголем обем на работа, соработници, приливи и одливи на средства. Комуника-

ција нема да биде на тоа ниво, туку ке биде зголемена. Директорот, менаџерскиот тим, секторот со кој раководам и секако раководителите на финансии во подружниците со кои навистина треба да бидам во постојана комуникација. Во Гевгелија успеав да ја наметнам мислата дека никој не е не е недостапен, особено јас, и секој друг можеше да го каже своето мислење и се стана поедноставно. Се надевам дека и овде ќе биде така, имајќи предвид дека секој има право да го каже своето мислење, а јас да ја ислушам и да најдам начин да се помогне. Доколку еднаш помогнеш на некого можеш да очекуваш и да ти се возврати. Заклучок на сето ова е дека пред, треба да се подобрат меѓучовечките односи без разлика за кое ниво се работи, зашто само со заеднички сили и залагање може да се постигнат подобри резултати.

**- Се соочуваме со тешки услови на стопанисување и управување со претпријатието. Што мислите со тоа?**

Очекувањата за оваа година во однос на минатогодишните резултати се послаби. Во преговори сме со државата во однос на цените за извоз на огревно и техничко дрво и во соработка со пом.директорот за комерција правиме напори да најдеме пазар за нашите призводи во странство. Сметам дека јас со менаџерскиот тим и Генералниот директор треба да имам секојдневна и постојана комуникација.

Финансиите, односно финансиската моќ на фирмата доаѓа пред се од добро планираното производство, успешниот пласман на производите и на крајот наплатата. Пример за тоа претставува минатиот месец кога платата беше исплатена сукцесивно заради застој во производството. Јас и на Управен одбор реков дека редовна исплата на плати ќе се воспостави кога ќе се најде начин да се зголеми производството и неговиот пласман на пазарот, кога ќе се исплатат долгувањата кон надворешните извршители кои потоа ќе ја вршат поредовно и поквалитетно работата, со што се затвора кругот. Пред се битна е циркулацијата на пари.

**- Неизбежно е прашањето за затекнатата ситуација во овој сектор и во фирмата воопшто**

Економијата вели дека парите треба да бидат во постојана циркулација, нешто слично како во живиот организам. Доколку нема доток на крв организмот престанува да работи. Без циркулација нема ништо. Штом во системот постои циркулација, без разлика на тоа колкава е, значи дека нешто се движи. Кај нас, со застој на производството не може да се платат извршителите кои не си ја работат својата работа, а со тоа ние нема што да пласираме на пазарот и ако овој круг не се поврзе настанува колапс. Овдека ја нагласувам почитта кон работата на извршителите кои и покрај тешката ситуација си ја завршуваа работата. Заклучок е дека треба навреме да се измируваат и да се почитуваат соработниците при што акцент се става на зголемување на техничка дрвна маса која е наменета за странски пазар.

Нашата држава располага со еден неисцрпен енергенс којшто треба максимално да се искористи. Покрај овие стручни гледања на состојбите во претпријатието од искуство знам дека сите вработени не работат еднакво, односно не си ја заработуваат платата. Затоа треба да се обрне внимание на дисциплината, јас не сум за казнувања, меѓутоа сум и за наградувања и мотивирања на вработените.

**- Кој беше основниот предизвик за прифаќање на оваа функција?**

Еден од предизвиците што прифатив да работам во дирекцијата е фактот што ми се укажа шанса да се обидам да одговорам на предизвикот кој ми беше понуден. Се надевам и дека одлуката за доаѓање тука е донесена врз основа на мојата досегашна работа и покрај тоа што на моменти сум била премногу гласна и настојчива во докажувањето на она што го мислам. Што се однесува до моменталната финансиска состојба можам да речам дека не е на завидно финансиско ниво,





сметам дека со постојана и задолжителна комуникација со раководителите на подружниците ќе се постигне подобар резултат. Еден од начините за поголема финансиска добивка е и пласирање на нови услуги. Ние забележавме дека луѓето одат на складовите и купуваат т.н.цепено дрво подготвено за горење со што некои од граѓаните сакаат да користат готов производ за којшто се подготвени да платат и повисока цена. Со ова фирмата се стекнува со поголема добивка при што единствен трошок, би бил т.н. цепалка за дрва која ќе ги сече на одредена димензија и потоа ќе се доставуваат до граѓаните. Значи се согласивме дека на фирмата и се потребни нови производи кои ќе бидат интересни и конкурентни на пазарот. Затоа од директорот е одобрена набавка на една ваква машина за подружницата во Гевгелија, каде што за неколку месеци ќе може да се види резултатот, така во инвестициона програма е влезена и машина за конфекционирање на дрво.

**- После којзнае колку време, ЈП Македонски шуми набави нови градежни и патнички возила.**

Во Планот на минатата година биле предвидени теренски и патнички возила коишто дел се испорачани минатата година, а дел годинава.Возилата се набавени од сопствени средства на кредит на 36 месечни рати. Ако се спореди со некоја груба пресметка, месечната рата ќе биде прифатлива, она што радува е факот што станува збор за нови возила кои кај постарите вработени предизвикуваат восхит, а нас како фирма не вклучува во модерни и препознатливи по својот бренд.

Значи, инвестициите за брзо време ќе бидат исплатени, а со настојување на Генералниот директор кој верува во капацитетот на претпријатието.

**- Работниците кои работниот стаж го минале во ЈП Македонски шуми, заслужено си ја заработиле пензијата, но наидуваа на пречки при пензионирањето, заради нередовни и во подолг период неплатени придонеси. Ова особено се однесува за вработените во некои подружници. Токлму затоа, со помош на Владата се презедоа мерки за плаќање на неплатени придонеси.**

Што се однесува до давачките, тука во пресрет ни излезе Владата на РМ и врз основа на одредбите од член 424-431 од Законот за облигационите односи ("Сл.весник на РМ"бр.18/2001, 4/2002,5/2003,84/2008,81/2009,и 161/2009) и член 5 од Законот за претворање на побарувањата на РМ по основ на ДДВ, данок од добивка, персонален данок на доход, придонеси за пензиско и инвалидско осигурување како и камати и споредни даночни давачки и обврски по основ на денарски кредити, во траен влог на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми Македонски шуми, П.О. Скопје (Сл. Весник на рм, бр 119/2013) е направен Договор кој ги регулира обврските во врска со отстапување на парично побарување на отстапувачот кое претставува неплатен, односно нецелосно платен придонес за ПИО, за период од 2001-2006

година и камата за тој долг пресметана согласно закон. Побарувањето кое се отстапува со овој договор претавува неспорна обврска на должникот ЈПМШ, во износ од 149.161.422,00 денари, како главен долг и 175.221.457,00 денари како вкупен долг. Во согласност со овој договор и плаќањето на утврдениот износ до 05.02.2014 година, во целост престанува обврската на должникот. Со Решение бр.04- 29 724/6 од 22.10.2013 формирана е Комисија за утврдување на побарувањата од ЈПМШ со цел утврдување на висината на главниот долг, каматите и споредните даночни давачки и обврски по основ на денарски кредити во траен влог ЈП Македонски шуми. Врз основа на документацијата комисијата ја утврди состојбата на побарувањата по институции.

- **Побарувањето по основ на договор за регулирање на преземените обврски по основ на денарски кредити пренесени на Агенцијата за санација на банка , согласно Законот за санација и реконструирање на дел од банките во РМ чиј правен следбеник е Министерството за финансии.**
- Состојбата на побарувањата по основа на главен долг, редовна камата и затезна камата изнесува вкупно 281.103.585,00 денари.
- По основ на Данок на додадена вредност вкупниот долг изнесува 2.006.742.499,00 денари; за данок на добивка, главницата и каматите вкупно изнесуваат 233.744.902,00 денари.
- За персонален данок од доход вкупниот износ е 155.880.438,00 денари од кои за персонален данок од плати отпаѓа 92.613.906,00 денари.
- Персонален данок по други основи отпаѓа 58.687.910,00 денари и
- Персонален данок на други лични примања во износ од 4.578.622,00 денари.

Вкупно

- Главница по основ на ДДВ, данок на добивка и персонален данок на доход во вкупен износ од 1.287.583.304,00 денари
- Камата по основ на ДДВ, данок на добивка и персонален данок на доход во вкупен износ од 1.283.432.347,00 денари
- Главница и камата по основ на даноци во вкупен износ од 2.571.015.651,00 денари

Имајќи го превид сите овие проблеми кои успеавме да ги наброиме, се надевам дека и понатаму ќе останете на ова клучно работно место кое бара големи залагања и токму затоа, Ви посакувам успех во понатамошната работа.

Разговорот го водеше Соња Никчевиќ



# РЕАЛИЗИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ И АКТИВНОСТИ

## ВО ПЕРИОД ОД 2011 ДО 2013ГОД.

- Набавка на теренски возила

Во 2011год. набавени се 20 теренски возила Лада Нива –

Возилата се распоредени во 19 подружници и едно за потребите на дирекцијата на ЈП „Македонски шуми"

Ефекти:

- прва инвестиција од ваков тип и обем од формирањето на претпријатието;

- беше обновен возниот парк на претпријатието кој се состоеше од стари возила (15 и повеќе години) од типот на Лада-Нива и УАЗ чија карактеристика беше голема потрошувачка на гориво, високи трошоци за резервни делови и одржување, а исто така често беа надвор од функција што се одразуваше на функционирањето на подружниците во поглед на заштита и стопанисување на шумите;

- набавката на овие возила допринесе за брза реакција на екипите на ЈП „Македонски шуми" при настанатите пожари во изминативе години, а со тоа значително се намалија и штетите како последица од истите;

- зголемена безбедност на вработените, подобро функционирање на подружниците;

- намалени трошоци за одржување и гориво;

 Вредност на набавката 9.150.148,00ден.



- Расход на стари теренски моторни возила Лада Нива

- Од страна на Бирото за судско вештачење при Министерство за правда беше извршена проценка на 14 теренски моторни возила, согласно која беше донесена одлука на УО за Продажба на стари теренски возила. Следуваше Повик на интерес за Продажба на теренски моторни возила-Лада Нива, кој беше објавен во јавните гласила. Продадени беа 4 возила, а останатите се повлечени и растурени за резервни делови за останатите возила од истиот тип.

Ефекти:

- ЈП „Македонски шуми" се ослободи од старите возила;
- Остварена е заштеда по основ набавка на резервни делови;
- Направена е залиха од резервни делови;
- Остварен финансиски ефект;

 Финансиски ефект од продажбата ................ ................. 161.000,00 ден.

- Набавка на теренски возила

2013/14год. набавени 33 теренски возила

Триесет возила (Дачиа-Дастер) се распоредени во сите 30 подружници, а додека три возила (Шкода-Јети) се наменети за потребите на Дирекцијата.

Во цената на возилата вклучено е и нивното одржување за период од 3 години, а нивното плаќање ќе биде одложено односно на 36 рати.

- Пред да се распише јавен повик за Набавка на овие возила, беше направена Процена од страна на Бирото за судски вештачења со која беше утврдена состојбата и вредноста на старите возила кои ги користеа подружниците. Исто така анализите за трошоците за одржување и потрошувачката на гориво на старите возила покажаа дека понатамошната употреба на овие возила, од една страна само ги зголемува трошоците, а од друга страна го отежнува функционирањето на претпријатието и ја намалува безбедноста на вработените;

- Возилата кои се набавени се од класата Н1-товарно корисно возило, за кои се одбива ДДВ при набавка на истите, при одржување и набавка на резервни делови, набавка на гуми, како и за потрошеното гориво;

Ефекти:

- Подобрени се условите за функционирање на претпријатието;
- Подобрена ефикасност во заштита на шумите, превентивно справување со пожари, како и за брзи интервенции при борба со пожарите;
- Намалени се трошоците за гориво (старите возила кои се употребуваа до сега имаа просечна потрошувачка од 12-15л/100км.-некои од нив

беа со бензински мотор, додека новите се со дизел мотор и се одликуваат со просечна потрошувачка од 6л/100км (по каталог).

За илустрација изразена во денари (направена е калкулација со просечна потрошувачка од 8л/100км), на база на поминати 15.000км./год., која изнесува:

- За старите возила годишно за гориво се трошеше 8.000.000денари;
- За новите возила за истите поминати километри, годишно за гориво ќе се потрошат 3,400,000денари.
- Намалени се трошоците за одржување-работна рака и резервни делови:
- за новите возила за првите 3 години трошоците по овој основ ќе изнесуваат 2.412.906ден., или годишно по 800.000ден., што е далеку помалку од трошоците
- за истата ставка за старите возила за 2013год. која изнесува 3.500.000ден.;

Годишната заштеда по основ на потрошувачка на гориво и одржување изнесува 7.300.000ден., додека годишниот (12 рати) износ за отплата на новите возила изнесува 9.200.000ден. што е показател за оправданоста за набавка на истите.

- Намалена можност за дефекти, како и помала потрошувачка за пневматици;
- се одбива ДДВ, при набавка на истите, одржување и набавка на гуми и резервни делови, како и за потрошеното гориво;

 Вредност на набавката 29.916.191,00ден. од кои

Набавка на возила 27.703.285,00ден.

Одржување за 3год. 2.212.906,00ден.

## • GPS уреди

- 28 броја – 475.524,00ден. набавени во 2011год. распоредени по подружниците и во Дирекцијата на ЈП „Македонски шуми".

- 27 броја - 492.981,00ден. набавени во 2012год.

Или вкупно набавени 55 GPS уреди во вредност од 968.505,00ден.

Ефекти: Ефикасност во утврдување на границите и површините на одделите при ознака за сеча во приватни и државни шуми, со што се намалуваат грешките кои беа евидентни во претходното работење и за кои ЈП „Македонски шуми" плаќаше финансиски надоместоци.

## • Градежни машини-Булдозери

-Во 2011 год. согласно Инвестиционата програма за ЈП „Македонски шуми" спроведе постапка за набавка на три градежни машини-булдозери во износ од 18.900.000,00ден.

-Во 2012 год. набавени се уште три булдожери – 22.890.000,00ден.

Вкуно набавени 6 градежни машини-булдозери во вредност од 41.790.000,00 ден.

Ефекти: Со оваа инвестиција се намалуваат трошоците за гориво, мазиво, резервни делови, а со самото тоа и намалување на цената на чинење по километар, како и избегнување на постапката



отворен повик-тендер која се спроведуваше во изминатиот период поради недостиг на вакви машини.

## • Геодетски елаборати за легализација на објекти

-Јавното Претпријатие „Македонски шуми" п.о.Скопје, согласно законот за постапување на бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр.23/11; 54/11 и 155/12) поднесе барање за легализација на објектите изградени без комплетна градежно-техничка документација и кои не се запишани во катастарската евиденција.

За таа цел поведе отворена постапка која се спроведе преку ЕСЈН, за Изработка на Геодетски елаборати за легализација на бесправно изградени објекти со етажен и габаритен премер согласно предвидената техничка спецификација.

Услугата од страна на геодетските фирми беше навремено завршена. Извршен е премер на објектите и изработија геодетски елаборати согласно правилникот за легализација.

Изработени се 170 Елаборати во 24 подружници на површина од вкупно 53.845м2. Геодетските елаборати се доставени до општините на подружниците за издавање на решенија за спроведување во катастерска евиденција.

Вредност на услугата 1.615.633,00 ден.

Овие геодетски елаборати послужија за упис на имотот на ЈП „Македонски шуми" во Централниот регистар на РМ.

## • Опрема од Фабрика за иверица во ПШС „Бор"-Кавадарци

-Со препорака на Владата на РМ бр.51-7738/1 од 27.12.2011 година, препорака од Државниот завод за ревизија во извештај бр.34-168/17 од 10.11.2012 година, Одлука од Управен одбор на ЈП „Македонски шуми„ бр.02-1080/9 од 26.08.2011 година Наодот и мислењето за проценетата вредност СВ IV 115-1/2012 од март 2012 година, објавените огласи за продажба кои беа во четири наврати на 26.11.2012год. е склучен купопродажен

договор за опремата од Фабриката за иверица во Кавадарци.

Вредност на продажбата 8.668.311,00ден.

Ефекти: Со продажбата на нефункционалната деловната опрема како старо железо се елиминирани трошоците предизвикани од плаќање на закуп на производна хала во која беа сместени машините и опремата за производство на иверица, а кои беа во сопственост на ЈП „Македонски шуми", подружница „Бор„-Кавадарци".

- Продажба на старо железо

- Управниот одбор на ЈП „Македонски шуми" на 27.07.2012 год. донесе Одлука бр.02-827/2 за расходување на основни средства. За таа цел од дирекrecords на ЈП „Македонски шуми" е формирана комисија за расходување на транспорти средства (бр.384/1 од 27.03.2012год.) Комисијата изврши увид на состојбата со записници и фотоматеријали по подружниците кои беа како составен дел на извештајот(бр.02-384/2 од 04.02.2012год.) и предложи до Управниот одбор овие транспортни средства да се отуѓат како старо железо. По извршената проценка од Бирото за судско вештачење и даденото мислење дека основните средства немат употребна вредност е даден оглас во јавни пишани медиуми Оглас за јавно наддавање за продажба на основни средства како старо железо. Продажбата е спроведена во три региони и во тек се потпишувањата на договорите со правните лица кои се јавија како купувачи.

Потпишувањето на купопродажните договори со правните лица кои учествуваа на Јавното наддавање е во тек.

Ефекти: Ослободување на плацевите на ЈП „Македонски шуми" од транспортни средства кои се вон употреба и со години го узурпираат просторот во плацевите на подружниците како и финансиски приход од самата продажба.

Вредност на продажбата 1.800.000,00ден.

- Реконструкција на Ловечка куќа Милисин - 300.000,00ден

- Постапка за оградување на простор во ловиште бр.5 „Рожден„

-Согласно законот за Јавни набавки во 2012год. е спроведена постапка за набавка на универзално жичано плетиво за изградба на ограден простор за интензивно одгледување и застрел на дивеч. Овој ограден простор ќе се подигне во ловиштето бр.5 „Рожден„ по добивање на потребната согласност од МЗШВ

Вредност на набавката 1.840.000,00ден.

Ефекти: Зголемување и подобрување на ловниот туризам, а со тоа и приходите на ЈП „Македонски шуми", со што би се зголемиле финансиските резултати на претпријатието.

- Инсталирање на парно греење

-На 07.11.2012год. Согласно Инвестициoната програма на ЈП „Македонски шуми", како и Измена и дополна на Планот за Јавни набавки за 2012година усвоен со одлука бр.02-111/3,спроведена е постапка за јавна набавка за Материјали со монтажа-инсталација на парно греење во подружниците во склоп на ЈП „Македонски шуми" и тоа: „Бигла„-Д.Хисар, „Црн бор„-Прилеп и „Кратово„-Кратово. Постапката е спроведена и монтажата на парно греење завршена.

Вредност на услугата 1.320.000,00ден.

- Реконструкција на управни згради

- Во подружницата „Липа„-Крушево е рконструирана кровната конструкција. За подобрување на условите за работа извршена е реконструкција на управна зграда на подружницата „Серта„-Штип.

Вредноста на овие услуги изнесува 2.653.256,00ден.

Ефекти: Подобрување на условите за работа на вработените во подружниците.

- Монтажна барака

-Подружницата „Кожув„-Гевгелија во својот склад во Богданци постави монтажна барака која служи како канцелариски простор за обавување на своите работни задачи на вработените во складот.

Вреднос на набавката 196.214,00ден.

- Ребрендирање на ЈП „Македонски шуми" и промоција на нов Бренд

- Следејќи ги современите текови на пазарот како и зајакнување на маркетиншкиот дел од истиот, доведе до потреба од следење на нови трендови за пласман на производите на пазарот како и Ребрендирање на ЈП „Македонски шуми" со ново современо и лесно препознатливо обележје.

Вредност на услугата 517.107,00 ден.

Ефекти: Следење на модерните маретинг движења, Лого препознатливо и атрактивно во стопанството на државата.

- Проценка за утврдување на вредноста на капиталот на ЈП „Македонски шуми"

-Управниот одбор на ЈП „Македонски шуми" на седницата одржана на 26.02.2013год. донесе Одлука бр.02-220/9 за овластување на проценител за утврдување на вредноста на капиталот како основна главнина на ЈП „Македонски шуми"-Скопје. На 09.04.2013год. Владата на РМ со заклучок бр.41-2135/1, го задолжи ЈП „Македонски шуми" да го ангажира „Бирото за судски вештачења" да ја утврди вредноста на Капиталот кој ќе претставува основна главнина на ЈП „Македонски шуми" и ут-

врдената вредност од истата да послужи за упис на Капиталот во Централниот регистар на РМ. Извршена е проценка од страна на „Бирото за судски вештачења" при Министерството за Правда на РМ (СВ V-60/13 од 08.05.2013г.)

Ефекти: Утврдување на вредноста на капиталот на ЈП „Македонски шуми", претварање на побарувањата на РМ по основ на ДДВ, ДД, Персонален данок на доход, како и придонесите за ПИО, да влезат во траен влог на Владата на РМ во ЈП „Македонски шуми", согласно Законот објавен во Сл.весник бр.119 од 2013год.

- ИТ опрема

-Набавени се 150 компјутери, компјутерски сервер, 60 печатари и 50 фотокопири

Вредност на набавката 5.566.422,00 ден.

Ефекти: обновување на корисничка IT опрема, како и подобрување на квалитетот при извршување на дадените задачи во подружниците и дирекција.

- Воведување на ISO 9001 стандарт

- ЈП „Македонски шуми" во согласност со Годишната инвестициона програма за 2013год. воведе Систем за менаџмент со квалитет, согласно стандардот ISO 9001:2008

Вредност на набавката 111.000,00ден.

Во 2014 година ќе се пристапи кон спроведување-стандардизација и добивање на Сертификат ISO 9001:2008.

- ІКТ Стратегија

-Во деловната 2013 год. е започната постапката за донесување на IT-стратегија и нејзино спроведување а реализацијата ќе се одвива во период од три години.

Вредност на набавката ............................................ ...840.000,00ден.

И покрај сложените стопански услови во кои функционира ЈП „Македонски шуми", сепак ние во рамките на нашите можности и понатаму продолжуваме со инвестициона активност и развој на претпријатието.

Сите набавки кои се реализирани досега се во согласност со Важечките законски регулативи, како и според Инвестиционата програма и Планот за Набавки на ЈП „Македонски шуми" кои ги донесува и усвојува Управниот одбор на претпријатието. Истите инвестиции се реализираат од сопствени средства на ЈП „Македонски шуми" и без кредитни задолжувања.

ЗАКЛУЧОК: Со спроведување на овие Инвестициони вложувања се забрзува развојот на ЈП „Македонски шуми", се придонесува за подобро искористување на капацитетите на претпријатието во поглед на заштита на шумите и стопанисување со истите, за намалување на трошоците во работењето, како и подобра заштита на вработените при извршување на работните задачи. Со тоа се овозможува следење на светските и европски трендови во шумарството, а со тоа се постигнува поголема ефикасност во работењето.



СО ПОВОД



Разговор со првиот официјално вработен во ЈП „Македонски шуми“ Дипл. правник Павле Стојановски

# ЈП „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“ ВО 1998 ГОДИНА, ДОБАР ПОЧЕТОК НА УСПЕШНО И ПРОФИТАБИЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Идеите за работењето на Јавното претпријатие беа амбициозни и за тогашно време напредни. Благодарение на искуството на тогашниот в.д . директор од посетите на шумарствата во окружувањето, па и подалеку, имплементирани се сите позитивни искуства и покрај тоа што при влегувањето на неколку подружници со финансиски дубиози, ЈП Македонски шуми ги имаше сите квалитети за да прерасне во успешно и профитабилно претпријатие.**

Повод за овој разговор е заминувањето во пензија на официјално првовработениот во ЈП Македонски шуми во 1998 година, Павле Стојановски, дипломиран правник

**- Од формирањето на ЈП Македонски шуми, како единствено претпријатие за стопанисување со шуми во државна сопственост, од страна на Владата на Р. Македонија, поминаа 15 години. Вие сте првиот вработен, а воедно и задолжен за правно и законско регистрирање на ЈП, како правен субјект.**

Одлуката за формирање на еден државен субјект за стопанисување со државните шуми, од страна на Владата на РМ е донесена кон крајот на 1997 година. Јас од, тогашниот в.д. директор на ЈП Македонски шуми, шум.инж. Симеон Тодоров, во моето биро за правни услуги бев исконтактиран во февруари 1998 година, кога всушност започна правната процедура за формирање на ЈП Македонски шуми кое ќе ги опфати сите триесет дотогашни стопански субјекти, од кои се основаа сегашните подружници.

**Колку време траеше самото формирање и конституирање на ЈП, и мајќи ги предвид сите закони, акти, правилници и области на работа на претпријатието.**

Треба да нагласиме дека пред формирањето на ЈП како единствен субјект, постоеја 30 шумски стопанства. Значи на 24 03.1998 година јас веќе ја имав основано фирмата што во договор со В.Д. директорот започна процесот на основање на претпријатието што претставуваше пред се, бришење од судскиот регистар на постоечките шумски стопанства, некои од тие претпријатија беа во општествена соспственост, некои само претпријатија.

Како оптимален рок за фактичко започнување на работата на ЈП Македонски шуми односно негово профункционирање беше одреден датумот 01.07.1998 година. Тогаш се правеа шест месечни пресметки и ќе се добиеше податок за финансиската состојба на ново основаните подружници при влезот во ЈП Македонски шуми.

Во тоа меѓувреме, во тој период (април, мај, јуни) требаше да се изработат и усвојат неопходните нормативни акти, да се конституираат управ-



ните органи: Управен одбор, Одбор за контрола на материјално финансовото работење и полека да се екипира еден тим којшто ќе ја организира работата. Заради тоа В.Д. на ЈП Македонски шуми Симеончо Тодоров предложи да се вработам во ЈП Македонски шуми бидејќи работата бараше целосна посветеност на овие активности.

Така на 04.05.1998 година, јас се вработив во ЈП Македонски шуми и бев првиот официјално бработен во новоформираното Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми во Република Македонија, ЈП Македонски шуми.

Во тој период со посветена работа беа изработени и усвоени најнеопходните нормативни акти на ЈП Македонски шуми и тоа:

- Статутот на ЈП Македонски шуми (на 23.02.1998 година)
- Одлука за основање на подружниците (на 08.04.1998 година)
- Одлука за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места во ЈП Македонски шуми (на 08.04.1998 година), како преоден акт до донесувањето на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и исплата на плати во ЈП Македонски шуми кој се донесе на 17.11.1998 година.
- Правилникот за материјално-финансово работење во ЈП Македонски шуми донесен на 25.05.1998 година, и
- Колективен Договор на работниците во ЈП Македонски шуми усвоен и потпишан помеѓу Упрабниот одбор и гранскиот синдикат на 02.06.1998 година.

За толку краток период беа донесени најважните и најобемните нормативни акти на ЈП Македонски шуми кои беа и останаа темел на ЈП Македонски шуми.

Посебно се гордеам со два акти, а тоа се Колективниот Договор и Правилникот за систематизација, кој беше изготвен врз основа на искуства и со примена на современи методи за организација на работа применувани во САД. Правилникот се состои од четири органограма, и тоа:

- Текстуален дел на правилникот,
- Графичка шема на организација,
- Опис и попис на работни места, и
- Аналитичка процена на работните места.

Во изработката на овој обемен и сложен акт голем придонес дадоа и тогашните директори на шумските стопанства, а потоа на подружниците како и други стручни работници. Со нивното искуство, знаење и познавање на проблематиката тие дадоа огромен придонес, поготово при изработката на описот и пописот на работните места и нивното вреднување на работата во Аналитичката проценка (кои се правеа спрема работите и задачите, а не спрема човекот кој треба да ги извршува). Поради тоа спрема мене поради квалитетот на изработениот материјал околу 3700 вработени колку што тогаш броеше ЈП Македонски шуми и кои од 01.07.1998 година беа превземени во ЈП Македонски шуми, немаше ниту еден судски спор при распоредувањето, бидејќи описот прецизно ја определуваше работата на работникот, а бодната ставка ја одредуваше вредноста на работата однсоно неговата плата. Со мали козметички измени овој акт и денес е во примена.

Морам да истакнам уште еден факт кој во многу ми ја олесни работата, а тоа е помошта и поддршката што ми ја даваше тогашниот директор Симеончо Тодоров, кој имаше неверојатно чувство за организација, за право и она што е најнеопходно познавање на шумарството во сета длабочина.

Сето ова досега кажано не ќе можеше да се заврши квалитетно и навреме ако немавме неограничени помош и разбирање од членовите на Управен Одбор, кои сите материјали навреме ги усвоија по многу конструктивни дискусии.

Членови на првиот Управен одбор на ЈП Македонски шуми беа: д-р Александар Андоновски - ред.проф на Шумарски факултет – Скопје, Газменд Аједерага- пратеник во Собранието на РМ, Горјан Велјановски советник во Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, Томе Георгиев - директор на ЗШУЦ "Ѓорче Петров" – Кавадарци, Мазлам Селмани - заменик директор на УЈП-Скопје, Светислав Тодоровски - директор на на ШИК "Јелак"- Тетово

За членови на УО од редот на вработените во ЈП"Македонски шуми" сеименувани:

Марко Божинов - директор на ПОС "Беласица"-Струмица, д-р Ефтим Брндевски - раководител на расадник, трушница и фабрика за етерични масла воПОС"Малешево"-Берово, Жарко Несторовски - директор на ПОС "Лешница"- Тетово

На својата прва конститутивна седница, Управниот Одбор за претседател го избра г-дин Томе Георгиев, а за заменик Жарко Несторовски.

Малкутемина вработени кои работеа како испомош од шумските стопанства ги вршеа сите технички работи.

За почеток имавме само еден компјутер (од ПШС Караџица) во кој Томе Стојановски ги изработи сите овие значајни акти кои сведочат за почетокот на работењето на ЈП Македонски шуми.

- **За тоа време тоа била огромна работа и прибирање на многу документи кои требало да се средат и селектираат.**

Значи, се работеше за навистина многу искусни и одговорни луѓе од шумарството коишто го дадоа својот максимум што се состоеше во конструктивно учество при прифаќањето на сите акти кои тековно се донесуваа.

Колективниот договор претставува устав за правата на работниците и за кој можеме да се пофалиме дека е прв ваков акт усвоен од јавните претпријатија. Колективниот договор на работниците во ЈП Македонски шуми е усовоен од У.О. и потпишан од престедателот на У.О. на ЈП Македонски шуми, Томе Ѓеорѓиев, претседателот на гранскиот синдикат од областа на шумарството Живко Митревски и директорот на ЈП Македонски шуми Симеончо Тодоров. При изработката на овој документ се пријде многу темелно, на квалитетен начин поткрепено со една добра дискусија меѓу преставниците на Синдикатот и ЈП Македонски шуми. Во составувањето на овој Колективен договор учествуваа сите субјекти засегнати со овој договор, од една страна ние, синдикатот и членови на синдикатот вработени во ЈП Македонски шуми. Овој колективен договор е сеопфатен со тоа што овој документ се регулирани сите права на вработените до најмала ситница.

Во тој период имавме забелешки зошто не сме се повикале на непосредна примена на некои

закони, меѓутоа ние сметавме дека е поедноставно толкувањето на основните права на вработените да бидат систематизирани во еден акт.

Втора работа беше унифицирање на сите поединчени акти (решенија на вработени за нивните поединечни права и сл) кои требаше да се донесат.

**Формирање на Сектори во дирекцијата на ЈП.**

Една од првите задачи на директорот беше да ги состави и оформи секторите и раководителите на тие сектори односно да го оформи првиот менаџерски тим, кој го сочинуваа:

- дипл.шум.инг Симеончо Тодоров - директор
- дипл.шум.инг Жарко Несторовски– пом. директор на сектор за комерцијални работи
- дипл.шум.инг Војо Ковачовски дипл. шум.инг – пом. директор на сектор за производство и примарна преработка (покоен)
- дипл.шум.инг Марена Ангова-Сечкова – пом. директор на сектор за план и анализа
- дипл.шум.инг Благој Илиев– пом. директор на сектор за одгледување и заштита
- дипл.ецц. Томе Недевски– пом. директор на сектор за екомомско финансиско работење
- дипл.правник Павле Стојановски– пом. директор на сектор за правни, кадровски и општи работи и
- М-р Илија Тенев– пом. директор на сектор за лов и ловен туризам

Со назначувањето на менаџерскиот тим отпочна со функционирање на секторите.

На почетокот на 1999 година се изготви и првата завршна сметка. Поради различен начин на работа во дотогашните шумски стопанства – сега подружници крајниот биланс требаше да се донесе со усогласување на начинот на изготвување на податоците. Затоа беа организирани советувања на кои се изнаоѓаа начини како да се решаваат проблемите и да се направи една унификација на начинот на работа во сметководството.

Напоредно со тоа се направи првиот план и првата анализа со скромни податоци но како основа за развој на овој сектор.

Значи сите сектори ги поставија основите на работење. На пример, правниот сектор на кој јас бев раководител ја водеше матичната евиденција и досијеа на секој вработен, беа доставувани решенија и други документи во рамките на законското работење. Во таа 1999 година се направи и матична книга на вработените во ЈП Македонски шуми.

Меѓутоа, морам да нагласам дека уште од формирањето некои подружници влегоа во рамките на јавното претпријатие со дубиози.

Идеите за работењето на Јавното претпријатие беа амбициозни и за тогашно време напредни, дури се размислуваше да се набават 2-3 хеликоптери кои би се употребувале во различни намени. Благодарение на искуството на тогашниот в.д . директор од посетите на шумарствата во окружувањето, па и подалеку, имплементирани се сите позитивни искуства и покрај тоа што при влегувањето на неколку подружници со финансиски дубиози, ЈП Македонски шуми ги имаше сите квалитети за да прерасне во успешно и профитабилно претпријатие.

Со самото основање Владата предвидела одредени трансформации од кои првата беше некои непрофитабилни дејности (пиланите и рибниците) да се издвојат. Текот на овие трансформации според мое мислење беше пореметен заради честите промени на раководните кадри во претпријатието, а сите знаеме што значи тоа. Немаше конзистентна политика. Во составот на ЈП Македонски шуми. влегоа ШС Куманово и Црн бор- Прилеп којшто прво требале да бидат ставени во стечај и да се расчистат дубиозите па после да влезат во склоп на претпријатието. Токму од тие подружници неколку години стигнуваа тужби од вработените по разни основи кои ја отежнуваа работата на ЈП Македонски шуми.

Во секој случај, јас сум исклучително задоволен што учествував во самото конституирање на овој важен за државата стопански субјект, кој и ден денес со поголеми или помали успеси опстојува на пазарот во државата и стопанисува со шумарството како енергетски важна стопанска гранка. Во крајна линија ЈП Македонски шуми како правен субјект ја остварува целта за кое е основано, а тоа е стопанисување и заштита на државните шуми и овозможување на одржливоста на шумарството.



Горд сум што дочекав пензија во ова претпријатие и на моите колеги им посакувам успешна работа до крајот на својот работен век.

Разговорот го водеше:
Соња Никчевиќ

# РАЗВОЈ НА ШУМСКИОТ ТУРИЗАМ ВО ЈП „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“

Во просториите на ЈП Македонски Шуми е потпишан Меморандум за соработка меѓу:

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р. Македонија, претставувано од директорот, д-р Кристијан Џамбазовски, и

ЈП Македонски шуми, претставувано од директорот Жарко Караџоски.

Во присуство на советникот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р. Македонија, советникот Владо Србиновски, Панче Николов советник за шумарство на ген. директор на ЈПМШ, Жарко Караџоски и пом. директорот на Секторот за комуникации и меѓународна соработка од областа на шумарството Коста Парлапанов, на 25.02.2014. во канцеларијата на директорот на ЈП Македонски шуми.

На состанокот беа истакнати одличните предуслови за вакавата соработка на задоволство на двете страни, имајќи ги предвид природните убавини на шумите во Р.Македонија неисцрпните можности за рекреација од секаков вид, запознавање со ретки и ендемични растенија кои виреат во нив, одличните услови за престој , во секое годишно доба, нивната пристапност, како одличен материјал за пласман на туристичкиот пазар, како една исклучително интересна дестинација.

Панче Николов: Оваа одамна планирана средба, ќе претставува првиот чекор за развој на шумскиот туризам во иднина. Ние како ЈП, освен ловниот туризам не сме имале пласман со друга гранка на туристичкиот пазар. Сметаме дека ЈПМШ има огромни капацитети за развој на туризам и сега го правиме првиот договор со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, која може да не вклучи, како во стратешките планови за развој на туризмот, изградба на инфраструкура и сите активности што се предвидени за наредниот период во целата туристичка понуда на ниво на Македонија, како и со наше учество во оваа соработка со сите капацитети со кои располагаме. Сметаме дека имаме основа, капацитети и можност тоа да го направиме тоа и оваа година да влеземе во националните планови за развој на туризмот, посебно за развој на планинскиот туризам, со неговите алтернативи. Ние имаме желба и капацитети да го сработиме тоа и затоа Меморандумот за соработка треба да биде почеток на таа идна соработка.

Жарко Караџоски, генерален директор на ЈП Македонски шуми, како еден од потписниците на овој Меморандум, ја нагласи потребата Меморандумот да се реализира со конкретни договори. Притоа подвлече, дека ова е на некој начин исчекор од вобичаените активности на ЈПМШ, а се однесува на поддршката на планинскиот туризам и туризмот во шумарството, а кое досега било на едно основно ниво. Ако се осврнеме и погледаме како оваа гранка се развива во рамките на регионот, а особено во европските земји каде имаме фрапантни податоци за успешен развој на оваа гранка. Во Австрија, на пример, или Норвешка, каде шумите се претежно во приватна сопственост, цифрите од 15-20 милиони добивка од оваа гранка се навистина фрапантни, а планинскиот туризам тука учествува со 80%. Сето ова е направено со сите можни потенцијали кои се потребни за вака развиен планински туризам, а тука е пред се инфраструктурата, објетите за сместување, патеките за пешачење, планинарење и други рекреативни активности.

Кај нас сеуште во зародиш се т. н. Заштитни подрачја, чиј развој не се поттикнувал од разни причини, почнувајќи од тоа дека ќе се изгубат сечиштата, бесправно ќе се сече или ќе се прават други злоупотреби. Јас сум особено задоволен што овој меморандум ќе се потпише токму со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р. Македонија, која ја сметам за најкомпетентна за вклучување во промоцијата на туристичката понуда која ја прави за Р. Македонија. Со овој заеднички настап и ЈП Македонски шуми ќе го добие својот бенефит на туристичко ниво, а од тоа, се разбира, очекуваме и финасиска добивка, како и промоција на нашите еколошки заложби и пласман на убавините на шумите и природата.

Во тоа име, го потпишувам овој Меморандум за сорабока, со желба дека на вистински афирмативен начин ќе се спроведува, во рамките на туристичките промоции на Агенцијата за туризам.

Д-р Кристијан Џамбазовски, директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р. Македонија, рече:

-Ова е еден одличен старт каде се совпаѓаме и со нашите програми во расвојот на активниот туризам, и ќе го вметнеме во проектите кои ги имаме започнато, и воедно одлично би се надополнувале, бидејќи она што не можеме ние да го обезбедиме, можете вие. Едно такво надополнување со кое би се надградувала оваа соработка, а особено кога би се преточила во конкретни договори, а таков простор има, ние ќе имаме еден многу конкурентен туристички продукт на ниво третирање на планинскиот туризам со сите свои активни форми и со сите свои алтернативи. Се надеваме дека во иднина ќе ги зајакнеме и капацитетите на спомене-тите нивоа, со еден нов и конкуремтен на пазарот производ, или понуда. Нека ни е со среќа нашата идна и плодна соработка.



Владо Србиновски: -Модерните движења во туризмот веќе налагаат едно враќање кон природата, а ние во нашите планови ги имаме вметнато и активностите во шума за кои станува збор, во интерес на заштита на животната околина и се надеваме дека ова ќе продуцира нови проекти и развој на оваа гранка која толку напредува во светот, а кај нас е во зародиш, се надеваме успешен.Со надеж дека со заеднички напори на двете страни, целта која е зацртана ќе биде спроведена во дело се потпиша Меморандумот за соработка меѓу Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р. Македонија иЈП Македонски шуми.

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УПРАВНАТА ЗГРАДА НА КРУШЕВСКА „ЛИПА“



Деновиве започнаа работите од реконструкцијата на фасадата и покривот на управната зграда на ПШС „Липа“ – Крушево, во која, покрај другото ќе биде инсталирано и парно греење. Потребата од една ваква крупна интервенција се наметна поради руинираноста на зградата што од година во година е сè поизразена. Станува збор за постојната, делумно адаптирана барака лоцирана на крајната северозападна периферија на Крушево на околу 2 километри од центарот на градот. Бараката е изградена во 1992 година, а во непосредна близина е и магацинот со плац за огревно и техничко дрво. Забот на времето во изминативе 22 години си го сторил своето, така што ситните поправки и тековното одржување на зградата веќе не се од некоја поголема корист.

- Со рекунструкцијата се опфаќа замена на веќе пропаднатиот дрвен ѕид на бараката со ѕид од тврда градба, како и замена на дотраената дрвена дограма со нови и современи ПВЦ прозорци со термо-пан стакло. Сите надворешни ѕидови ќе бидат обложени со соодветен слој од термичка изолација, а целата зграда ќе добие нова фасада. Салонитниот покрив кој на повеќе места протекува, а патем, заради азбестот што го содржи е штетен и за здравјето на луѓето, ќе биде заменет со покрив од пластифициран лим, под кој ќе се постави и соодветна термо-изолација. Исто така, и греењето на просториите ќе добие ново и современо решение кое обезбедува и подобра енергетска ефикасност. Во зградата се инсталира парно греење со алуминиумски радијатори и котел на дрва – ни рече раководителот на ПШС „Липа“ – Крушево, Коле Ристески.




Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 1.176.347,00 денари. Од нив, 931.684,00 денари се наменети за покривот и фасадата, а 244.663,00 денари за парното греење. Ова вложување, инаку, финансиски е обезбедено од сопствените фондови на ЈП „Македонски шуми“ по претходно изготвена програма. Средствата се одобрени од Генералниот директор и се вметнати во Планот за јавни набавки на Претпријатието.

Во склад со спроведениот тендер, градежните работи ги изведува фирмата „ИЛС Инженеринг“ од Битола, додека инсталирањето на парното греење го врши „Макотерм“ од Скопје.

Со целиот зафат, инаку, ќе се добијат значајни подобрувања на условите за работа во ПШС „Липа“ во Крушево. Пред сè, со изградбата на надворешен ѕид од тврд материјал со вградена термо-изолација од стиропор, како и со новите пластифицирани прозори со термо-пан стакло ќе се оствари значителна енергетска заштеда во греењето на работните простории. Кон тоа



ќе придонесе и новиот покрив од пластифициран лим со вградена хидро и термо изолација, а со отстранувањето на постојните салонитни табли, ќе се обезбеди и потребната заштита на здравјето на вработените. Со инсталирањето на парното греење, пак, покрај квалитетното затоплување ќе се постигне и поефикасно одржување на хигиената во работните простории бидејќи ќе се ложи само во котларницата која е надвор од управната зграда. Моделот на котелот овозможува користење на сите видови отпадоци од дрво и други дрвни сортименти кои, заради подстандардниот квалитет не се за продажба. Со користење на ваков огревен материјал, магацинот на ПШС „Липа“ на корисен начин ќе се ослободува од дрвните отпадоци, а со тоа, воедно, ќе се постигне поголема економичност и пониска цена на енергијата за затоплување на просториите.

Реконструкцијата се очекува да заврши до крајот на месец март.

Маре Благадуша

# 21.март – Меѓународен ден на шумите

Генерално собрание на Обединетите нации ја прогласи 2011 година за Меѓународна година на шумите, со што се укажува на значењето на одржливото стопанисување, зачувување и одржливиот развој на сите видови шуми.

Идејата за одбележување на Светскиот ден на шумите е промовирана на 23-тата седница на Генералното собрание на Европската конференција за храна и земјоделство во 1971 година, па така 21. март се слави и одбележува како Светски ден на шумите.

Светскиот ден на шумите се одбележува со цел да се промовира свеста за значењето и вредноста на шумскиот покривач. Овој ден, ширум светот се одбележува со едукативни акции за заштитата на шумите, производство на садници, пошумување на голини и рекреација во шума. Со цел да го истакне значењето на шумите и екосистемот, како и влијанието на опстанокот на човештвото, Генералното собрание на Европската конференција за храна и земјоделство, го одбра денот на пролетната рамнодневица на јужната Земјина хемисфера, односно денот на есенската рамнодневица на 21. март за Ден на шумите. Шумите како екосистем, после пустините се најзастапени копнени екосистеми на Планетата Земја. Заземаат 28% од површината на Земјата, односно околу 4 милијарди хектари и по своите содржини се разликуваат од другите екосистеми. Шумите гледајќи од аспект на актуелните климатски промени, претставуваат најголема фабрика за кислород, неопходен за живиот свет на Земјата. Претставуваат извор на храна и суровини на голем дел од жителите на Земјата, поволно влијаат на климата, режимот на водотеците и ја штитат земјата од ерозија. Во последно време се зема предвид и социјалната улога на шумите, нејзините општокорисни функции и важноста по здравјето на луѓето. Токму затоа овој ден треба да биде врежан во свеста на луѓето за заштитата на шумите како добро од општествено значење. Но за жал, има и несовесни, па со непланско и диво сечење на шумите се нарушува рамнотежата во природата. Според проценката на стручњаците, од површината на земјата, годишно, исчезнува околу 16 милиони хектари, што се должи на постојано расчистување на шумите за создавање на слободен простор за нови населби и земјоделски површини, фабрики и сообраќајници. Со уништувањето на шумите настануваат еколошки промени со големи последици, пред се климатски промени, промени на земјиштето и климата и исчезнување на некои видови животни. Свесни за ова, некои побогати земји ги намалуваат овие последици со воведување на концепт за одржливо стопанисување со шумите, со намалување на непланските сечи, зголемување на степенот на шумовитост и други мерки во согласност со постојните ресурси и потенцијали. И во Република Македонија на разни нивоа се одбележува 21.март, Денот на шумите, пред се за подигање на свеста на граѓаните за шумите како бели дробови на Планетата Земја.



# АГЕНДАТА ЗА ОТВОРЕН ДЕН СО ГРАЃАНИТЕ НА Р. МАКЕДОНИЈА



Во рамките на Агендата за отворен ден со граѓаните на Р. Македонија, во подружниците на ЈП Македонски шуми на директорот Жарко Караџоски, се одржаа средби со граѓаните од Прилеп, Битола, Струга, Охрид, Скопје (ПШС Караџица), Демир Капија и Валандово, на кои присуствуваше и директорот Жарко Караџоски, раководителите на подружницата домаќин и дел од менаџерскиот тим на ЈП Македонски шуми.

Средбите беа одржувани групирано во еден ден во една и повеќе подружници, заради поголем ефект и заштеда на време.

На средбите, во отсуство на директорот учествуваа и на прашањата одговараа раководителите на посетената подружница, како и дел од менаџерскиот тим.

Агендата беше комплетно испочитувана во сите планирани места на целата територија на државата и во отсуство на директорот кое беше главно поради оправдани причини (здравствени проблеми, зафатеност на директорот во дирекцијата, како и други тековни обврски, неопходни за извршување), граѓаните кои присуствуваа на отворените средби беа комплетно испочитувани и беше одговорено на сите нивни прашања во врска со работењето на ЈП.

Прашањата се движеа во неколку веќе добро познати теми во јавноста, како што се:

- Бесправни сечи и нивно спречување
- Движење на цената на огревното дрво
- Нелојална конкуренција на приватните шуми
- Заштита на шумите од штетници
- Реакции на вработените на неисплатени придонеси

На сите теми беа дадени исцрпни и издржани одговори од страна на директорот или другите присутни на средбите.

Во врска со бесправните сечи кои беа наведени како проблем скоро на сите средби, беше едговорено во рамките на законското делување на Шумската полиција која е надлежна за спречување и постапување при бесправна сеча, а која е во надлежност на МЗШВ, за што граѓаните не се информирани. И покрај тоа, се нагласи грижата и свесноста за овој проблем на сите вработени во ЈП.

На прашањата поставени во врска со евентуална промена на цената на огревното дрво, согласно одлуката на УО, е кажано дека нема да има промена, односно ќе важи постоечката.

Како проблем кој често се појавува меѓу населението се наведуваат и приватните шуми, или поточно начинот на сеча во нив и евентуална злоупотреба. Забележано е дека постојат извесни злоупотреби при сечење во т.н. меѓни шуми, каде што не е точно определена границата меѓу државните и приватните шуми и каде што е можно намерно сечење на поголема површина и количинана дрвна маса од обележаната. Но сите овие проблеми се решаваат, доколку за тоа има докази. Истото се однесува и за нелојалната конкуренција на приватните складови на дрво каде се продава по пониска цена. За тоа постои Државниот инспекторат при МЗШВ, кој е должен да постапува според законските норми и да ги санкционира ваквите појави.

Како последица на шумските пожари ви изминатиот период, се почеста е појавата на штетници кои ја уништуваат шумата, за што има забелешки и од граѓаните. Директорот ја нагласи важноста на заштитата на шумите како неопходност, но во недостаток на средства за запрашување и механизација, изрази надеж за соработка и помош од Владата на РМ во навремено решавање на оваа појава, која може да достигне поголеми размери доколку не се делува на време.

Во дел од подружниците се постави и прашањето од вработените за неисплата на паричниот надоместок за годишен одмор, односно К-15. Оваа забелешка беше прифатена со образложение дека ЈП постапува во согласност со антикризните мерки кои се спроведуваат во државата и дека овој надомест ќе биде исплатен штом за тоа ќе се создадат услови.

Транспарентноста во настапите наиде на добар прием кај граѓаните, кои ги прифатија аргументираните одговори и образложенија за актуелните проблеми со кои се соочува ЈП македонски шуми, а кои биле забележани и од граѓаните.

Општ е заклучокот од полезноста од ваквите средби, каде граѓаните имаат директен контакт и во отворен разговор можат да го кажат своето мислење.



# АКЦИЈА

# АКЦИЈА





ВАДРА-ПРОДУКТ
извоз-увоз ДОО Скопје
ул.шидска 2, тел/факс: +389 2 2050 317; 2031 497; 2037 229
РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА
IMK 14. oktobar
FAD
Industrija Preciznih Mehanika
БЕЛАРУС
RUEN
Continental
CONTITECH
FAP
FAG
SACHS
BOSCH
SKF
KOLBENSCHMIDT
Iskra
GOETZE
IVECO
MAN
DEUTZ
COBEST
FEDERAL MOGUL
WABCO
ТРАКТОРИ-ЗЕМЈОДЕЛСКА МЕХАНИЗАЦИЈА И ГУМИ




Sinpeks,str.Grcki Pat bb,7000 Bitola Phone:+38947 208500, Fax:+389 47 208515,E-mail:sinpeks@mt.net.mk

Техномак **Неготино** 043/362-701,075 420-383, Пила-С **Куманово** 031/429-204, Деспотовски **Битола** 047/231-245, Делфифи **Ресен** 047/454-600, Медивет **Охрид** 070 304-224, Феропромет **Струга** 046/780-926, Автомасини **Кичево** 045/220-735,Агроголд **Гостивар** 070 314-149, Агропап **Тетово** 044/333-480, Баухаус **Тетово** 044/339-259, Реплек **и** Хубо **Скопје** 02/309-6107, Меркур **Скопје** 02/321-9701, Вего **Велес** 043/224-323, Елмако **Кавадарци** 071 250-327, Милпром **Прилеп** 048/412-991, Теодул **Прилеп** 048/414-860, Сервис Електроник **Прилеп** 070 259-006, Континентал **Штип** 032/390-728, Томче Спорт **Кочани** 071 887-817, Јуроп92 **Виница** 033/364-120, Манов **Делчево** 033/413-512, Зоја **Берово** 033/470-354, Шкуљ **Струмица** 034/328-567, Најкпром **Струмица** 075 468-450, Ирис **Валандово** 032/391-313, Интер Комерц **Гевгелија** 034/213-872